Република Македонија
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. УП-I-10-13
02.06.2020 год.
РЕСЕН

**ДО**
**Национален младински совет**
**на Македонија**
**ул. Аминта Трети 29/1-3**
**1000 СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Достава на информации од јавен карактер**

Во врска со Вашето барање евидентирано под бр УП-I-10-13 од 15.05.2020 за доставување на информации од јавен карактер, податоци за отворени повици за доделување на средства до здруженија на граѓани, на кои здруженија, по кои критериуми итн, општина Ресен согласно член 20 став ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), постапи по Вашето барање и во прилог Ви ги доставува бараните информации:

Општина Ресен ги подржува ЗГ на својата територија по две основи – директно преку Буџетот и преку учество во проектот ReLOaD, кој е финансиран од Европската унија, а имплементиран од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), со кофинансирање на Општина Ресен со 20% од вкупниот буџет на проектот

Точките 1, 2 и 3 се однесуваат на трансферите до ЗГ од Буџетот на Општина Ресен по еден повик објавен крај на 2018 година на веб страната на општината, а имплементиран во 2019 година.

1. Општина Ресен во 2018 година објави Јавен повик за пријавување интерес до ЗГ за поднесување програмски активности со финансиска конструкција за имплементирање од Буџетот на општината во текот на 2019 година. Обезбеден буџет 60.000 денари.
2. Согласно горенаведениот повик Општина Ресен во текот на 2019 година има доделено средства на две ЗГ.
3. Здружението за локален развој АКЦИЈА ПЛУС-Ресен, со доделени 30.000 денари за организирање на активности за подобрување/збогатување на културно забавниот живот на младите во Преспа, согласно доставената програма на планирани активности за 2019 година, и Здружението за заштита на животната средина ЕКО ГЕРИЛА ПРЕСПА Ресен, со доделени 30.000 денари за организирање на акции за чистење на диви депонии, согласно доставената програма на планирани активности за 2019 година.

Кофинансирањето и учеството на општина Ресен во проектот ReLOaD, со цела документација која ја баравте Ви е дадена во прилог на дописов, во електронска форма.

Овластено лице: Николче Шушевски

**Одобрил:** Дијана Кремшовска

**Градоначалник на**
**Општина Ресен**
Живко Гошаревски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН